М-р Милутин ПЕРОВИЌ, виш советник во Републичкиот завод за унапредување на воспитувањето и образованието во Белград

# КАКО ДА СЕ КОРИСТИ ИЛУСТРАТИВНИОТ МАТЕРИЈАЛ ВО НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА ВО V-ТИТЕ ОДДЕЛЕНИЈА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО СВЕТЛИНАТА НА БАРАЊАТА НА НОВАТА НАСТАВНА ПРОГРАМА

Со новиот наставен план и програма, чија реализација е во тек, за првпат е воведена во петтите одделенија на основните училишта историјата како наставен предмет. Со оглед на малиот фонд часови и малите психофизички можности на учениците станува доста актуелно одошто порано прашањето за примена на разновидни наставни методи. За да се реализираат целите на новата наставна програма најмногу може да помогне вештото искористување на илустративниот материјал. Бидејќи во V-тите одделенија се изучува историјата на стариот век во наредните редови ќе стане збор за можностите за искористување на илустративниот материјал од овој прв историски период.

Стариот век е значаен период во историјата на човековото општество. Во овој период, врз основа на робовладетелски општествен поредок настанаа првите поголеми култури и цивилизации-источњачката, грчката (класична) елинистичката и римската. Во стариот век се положени цврсти темели на современата цивилизација и култура така што Енгелс со право можеше да ги рече оние значајни и секогаш актуелни зборови:

„Без ропството не би била грчката држава, грчката уметност и наука; без ропството не би била Римската империја, а без грчката култура и Римската империја како темел, не би била ни модерна Европа. Не смееме никогаш да заборавиме дека целиот наш економски, политички и интелектуален развој имаше за претпоставка таква состојба во која ропството било колку нужно, толку и општо признато. Во таа смисла со право можеме да речеме: без античкото ропство не би бил ни модерниот социјализам".

Бројни остатоци на културата од стариот век се наоѓаат во музеите и во археолошките локалитети на Европа, Азија и Африка. Тие антички културно-историски споменици се живи сведоштва на напорите на старите народи по цена на натчовечки физички и умни напори, да се оттргнат од варварството, да се очовечат и оплеменат.

Античките културно-историски споменици нè интересираат во ова разгледување исклучиво како *наставни средства*, со чија адекватна употреба наставниците по историја ќе постигнат учениците потемелно да ја совладаат новата наставна програма за V одделение на основното училиште.

# I

„Очигледноста во наставата по историја може да се сведе на три вида: 1. Историски споменици (или слики од тие споменици), 2. Реконструкција на спомениците, на историските настани и појави од минатото, вклучувајќи ги и уметничките реконструкции (дела од историското сликарство, наставни слики, филмови), 3. Шематски материјали (планови, карти, дијаграми графикони, шеми и друго"). (Стражев, Методика на наставата по историја стр. 203). Во ова излагање ние се ограничуваме на очигледноста од првиот вид, зашто само по пат на користење слики од автентични културно-историски споменици учениците можат да ја доловат сликата за минатото која наполно ѝ одговара на историската вистина.

Историските споменици во наставата по историја ретко можат да се користат во музеите и во историските и археолошките локалитети, туку најчесто се користат нивните фотоси. Тие фотоси, често технички несовршени се растурени по бројните историски публикации, од кои повеќето се библиографска реткост, и тоа често на странски јазици. Навистина поголем дел од тие фотоси е сообразен со наставните потреби во форма на дијапозитив, дијафилмови и наставни филмови, но и тие материјали се работени според барањата на старите наставни програми. Поради тоа е потребно издавачите на училишните книги и наставни средства тој материјал да го сообразат со барањата на новата програма водејќи истовремено сметка за најновите достигнувања на современата техника и резултатите на методиката за наставата по историја.

Имајќи ги предвид барањата на методиката за наставата по историја, илустративниот материјал од историјата на стариот век може да се класифицира во следниве групи:

Во првата група може да се сврстат фотосите од спомениците на *старата архитектура* кои се наоѓаат на местото каде што настанале. Тие споменици се помалку или повеќе руинирани од забот на времето, но на најпознатите може да се фор-

мира слика за достигањата на старото градежништво. Фотоси од вакви споменици има доста во сите општи прирачници по историја и по историја на културите на стариот век. Тоа се следниве споменици: Пирамидите и други гробници, храмови (египетски, грчки, хеленистички и римски) дворовите на владетелите и на робовласничката аристократија, остатоците од тврдините (Микена, Акропол во Атина, Рим и др.) римските форуми во разни градови, аквадукти, салволаци, остатоци од граничните ѕидови и утврдувања итн.

Доста се бројни и илустрациите со фотоси од старата архитектура, а има и поголем број кои се и технички беспрекорни. Тие може ефикасно да се користат во наставата по историја како илустрации:

— Достигања на старото градежништво;

— Степенот на општата култура на старите народи;

— Степенот на богатството на одредена класа, слој или поединци кои односниот објект го користеле;

— Степенот на стопанскиот, општествениот, политичкиот и културниот развој на одреден народ, слој, класа или поединци за чии потреби служел односниот објект.

Во втората група илустрации од историјата на стариот век може да се сврстат фотосите со остатоци од *скулпторската уметност*. Овие споменици, кои се доста бројни, се растурени по музеите во целиот свет, а фотосите на најрепрезентативните се објавени во разни публикации. Од гледиште на користење на фотосите од овие споменици во наставата по историја, можеме да ги поделиме:

а) скулпторски дела што претставуваат ликови на божества на антропоморфните религии. Иако се тоа често значајни уметнички дела, нивното користење во наставата по историја е мошне ограничено. Илустрациите од оваа група може да се користат само кога во наставата се обработуваат религиите или скулпторската уметност на старите народи;

б) за наставата по историја се мошне значајни спомениците на античкото скулпторство кои претставуваат портрети на историски личности — на египетските фараони, на грчките, елинистичките и римските државници, војсководачи, филозофи, книжевници и други уметници. Овие илустрации може да се користат:

— при излагањата на наставникот за историските настани, појавите и процесите од политичката и културната историја во кои односните личности играле решавачка или позначајна улога;

— кога наставникот изнесува факти за личните, моралните, државничките и другите особини на односната историска личност.

Напоменуваме дека податоците за личностите мора да се даваат во рамките на програмските содржини на одредена наставна тема, наставна единица или нејзин дел.

ц) посебно се значајни како споменици на старото скулпторство релјефите на ѕидовите од храмовите, дворците и гробниците кои ги претставуваат сцените од животот на личностите за чии потреби се изградени спомениците.

Сцените прикажани на старите релјефи се драгоцени и мошне конкретен извор за начинот на живеењето на луѓето, за нивните занимања, нивните обичаи, верувања.

Фотосите од античките релјефи во наставата по историја можат извонредно да се користат како илустрација на степенот и карактерот на општествениот, стопанскиот, политичкиот и културниот живот на луѓето во стариот век. За жал бројот на фотосите за античките релјефи не е доста голем, особено е мал во општите и на наставниците достапни прирачници.

Третата, но не така бројна група илустрации од историјата на стариот век ја сочинуваат фотосите од остатоците на *старото сликарство*. Од египетското сликарство најмногу се сочувани сликите од ѕидовите на пирамидите, додека од богатото грчко сликарство малку нешто е сочувано, освен сликите на античките вазни. Нешто подобро се сочувани сликарството, од критско-микенскиот период (на ѕидовите на палатите во Кносос и Фестос) и римското сликарство — фрески и мозаици во откопаните вили во Рим, Херкулани и Помпеа итн. Од спомениците на античкото сликарство за наставата по историја посебно се значајни сликите од египетските пирамиди зашто содржат сцени од животот на владетелите и аристократијата па врз основа на нив може да се суди и за стопанството, за начинот на живеењето и културата на народот во Египет. Сликарските дела на Грците и Римјаните, што се сочувани, најчесто прикажуваат сцени со митолошки и религиозни мотиви. Овие илустрации може да се користат за карактеризација на уметноста или религијата, а мошне малку од нив може да се види вистинскиот живот.

Четвртата група илустрации од историјата на стариот век ја сочинуваат фотоси на *предмети од секојдневниот живот* на луѓето во стариот век. Тоа се: орадија, оружја, садови, накити, предмети за домашна употреба и на семејниот религиозен култ. Бројот на ваквите сочувани предмети е огромен и тие се наоѓаат во многубројни музеи, во приватни збирки и нивниот број постојано се зголемува со новите ископини. За жал изборот на фотоси со вакви предмети е мал и тие најчесто се растурени по тесностручните публикации кои малку им се достапни на наставниците. Илустрациите од овој вид може да се користат за она градиво кое за учениците е најтешко — историјата на стопанството и секојдневниот живот на луѓето. Недостигот на

илустрациите од овој вид може да се отстрани со посета на локалниот музеј каде што сигурно има вакви предмети.

Петтата група илустрации од историјата на стариот век ја сочинуваат фотоси на *стари пари*. Сите помали или поголеми музеи располагаат со поголеми збирки на стари пари, а одделни позначајни примероци се дадени како фотоси во општите историски или нумизматички и археолошки публикации. Употребата на фотосите со стари пари во наставата мошне е ограничена, зашто бара специјални стручни знаења од наставникот и сето тоа ја надминува програмата на историјата во основното училиште.

Во шестата група илустрации од историјата на стариот век може да се сврстат записите и натписите, но нивната употреба во наставата е минимална, зашто бара објаснувања што ги надминуваат психофизичките можности на учениците во основните училишта, а и програмските задачи.

## II

Во наредниве редови ќе ги наведеме општите принципи кои наставникот по историја мора да ги има предвид при користењето на илустративниот материјал во процесот на наставата:

1. Очигледноста во наставата по историја битно се разликува од очигледноста на предметите од природните науки. Историјата е општествена наука која го проучува минатото на човековото општество — т.е. појавите и процесите кои не можат непосредно да се посматраат, а нарочно не може да се врши никаков експеримент, како во наставата по природни науки. Но, тоа не значи дека во наставата по историја не може да се применува принципот на очигледност. Напротив, примената на тој принцип е дотолку потребна што го проучуваме минатото на човековото општество — т.е. животот на луѓето што се разликува од нашиот живот. Таа очигледност во историјата ја постигнуваме со посматрање на остатоците од минатото — културно-историските споменици, односно што е најчесто во наставата, со посматрање на нивните фотоси.

2. Особеност на очигледноста во наставата по историја е и во фрагментарноста на илустративниот материјал. Тој материјал не го одразува целокупниот живот во минатото, туку само одделни настани, појави или личности. „Материјалните споменици овозможуваат кај учениците да се изгради само мал дел од она огромно мноштво слики и претстави што треба да се репродукуваат при изучувањето на историјата. И овој материјал, меѓутоа, главно е непристапен за набљудување од страна на учениците во процесот на наставната работа, зашто е собран во музеите или е растурен во целиот свет". Употребата

на овие очигледни средства е ограничена на помалку или повеќе успешен избор на фотографии. Дотолку е и потешка задачата на наставниците со крајно рационално користење на тие фотоси да им го олесни на учениците стекнувањето што попотполна слика за минатото.

3. Илустрациите во наставата по историја наставникот мора претходно внимателно да ги одбере и да ги проучи. Тој, со учениците на час мора внимателно да ги посматра, а не само да ги покажува. Наставникот со учениците над илустрациите треба да работи организирајќи дијалог чија цел е одделни елементи од илустрацијата да се сфатат и со сознанијата од сликите да се конкретизира излагањето на наставникот и да се зацврсти знаењето на учениците за односниот историски феномен.

4. Особеноста од користењето на илустрациите во наставата по историја се огледа и во фактот што при употребата на тие илустрации е потребно да се разјаснат нивните основни идеи, да се даде објаснување во однос на самата слика (на пример чие дело е таа, од што е инспирирано, кој е нејзиниот автор итн.). „Уште посложена е примената на сликите, скулптурите или архитектонските споменици кога ќе се постави задачата за нивно анализирање како уметнички дела. Во такви случаи илустрацијата мора да подлегне на мошне сериозна анализа, свртувајќи го вниманието на учениците на изборот и карактерот на сижето, на неговата условеност со лични и класни мотиви на авторот, на психолошката и уметничката интерпретација на сликата, на техниката на ликовното обликување“ итн. (Стражев, Методика за наставата по историја, стр. 209).

## III

Во овој дел на написов се даваат дидактичко-методските упатства за користење на илустративниот материјал од историјата на стариот век во наставниот процес. Наставниците по историја се должни на почетокот на учебната година да го направат следново:

— Да ја одберат и проучат содржината на целокупниот материјал од историјата на стариот век (илустрации во учебниците, во посебните дела и прирачниците, како и да прегледаат серии дијапозитиви, ѕидни слики и дијафилмови) и тој материјал да го средат за користење во текот на учебната година;

— Точно да го предвидат во својот годишен ориентационен план, времето и начинот за користење на одбраниот илустративен материјал;

— Да ги известат учениците со каков илустративен материјал школата располага; да им обрнат внимание каква е корист од употребата на овој материјал при совладувањето на градивото и учениците да се поттикнат сами да пронаоѓаат илустрации со кои би се надополнила училишната и нивните лични збирки.

Во процесот на наставата, вака одбраниот илустративен материјал од историјата на стариот век, може да се користи:

1. *На уводниот дел од часот* — На овој дел од часот кој трае 5—10 минути учениците се воведуваат во проучувањето на новото градиво.

Наставниците со неколку уводни реченици најчесто во форма на прашања, се обидуваат да развијат дијалог со учениците користејќи ги нивните знаења стекнати на претходните часови. Врз основа на ученичките одговори и дополнувањата од наставникот се формулираат заклучоци кои на учениците треба да им го олеснат разбирањето на градивото од новата наставна единица. Поради тоа уводниот дел од часот најчесто е вербален и ретко се користат други методи на работа. Меѓутоа, вештиот наставник на овој дел од часот секогаш може да ја искористи илустрацијата како потврда на својот заклучок или на одговорот од ученикот. Најчесто тоа ќе бидат неколку илустрации што се однесуваат на суштината на настаните од кои произлегува настанот, појавата или процесот кои ќе се обработат во новата наставна единица, но понекогаш, кога времето тоа ќе го дозволи на уводниот дел од часот може да се погледа и целата серија дијапозитиви или дијафилм (на пример пред да се мине на изучување на грчката култура — на уводниот дел од часот со илустрации може накратко да се повтори што ѝ дале источните народи на светската цивилизација, за да се нагласи дека грчката култура е чекор напред во однос на источната итн.). Со употребата на илустрацијата на уводниот дел од часот учениците се мотивираат за новата материја и се поттикнува нивната активност во самиот почеток на часот.

2. *На дел од часот посветен на излагање на градивото од новата наставна единица.* — На овој дел од часот наставникот задолжително го користи илустративниот материјал, зашто нема ни една наставна единица од стариот век за која не може да се одберат барем неколку илустрации. Наставникот е должен одбраните илустрации ефективно да ги користи и тоа во текот на самото излагање на новото градиво. Своето излагање наставникот мора да го сообрази со содржината на илустративниот материјал што го одбрал, ако тоа не ја нарушува систематичноста во обработката на темата. Доколку наставникот не може да ја „вткае“ илустрацијата во своето излагање, тој, кога ќе го заврши делот од градивото на кое се однесува илустрацијата,

ќе им ја покаже на учениците илустрацијата истакнувајќи што таа покажува. Во „читањето" на илустрацијата учениците се поттикнуваат од прашањата на наставникот, кои треба да бидат што поконкретни со цел од илустрацијата да се извлече максимална корист. Нема никаква корист ако илустративниот материјал им се покажува на учениците на крајот од излагањето на наставникот како некаков механички додаток, особено ако тоа се прави без наставничкиот стручен коментар или без дијалог со учениците. И кога за новата наставна единица постои добар дијафилм наставникот може одделни илустрации да користи во текот на излагањето, а прикажувањето на целиот дијафилм може да го искористи за рекапитулација на изложеното ново градиво.

3. *На завршниот дел од часот* — Доколку илустрациите ефективно се користени во уводниот дел на часот и во делот на излагањето на новото градиво, нивното користење во завршниот дел од часот ќе се сведе на следново:

— При повторувањето на градивото што е изучувано на часот учениците, одговарајќи на прашањата од наставникот, можат да укажат на илустрацијата која го поткрепува нивниот одговор;

— Наставникот кога изведува заклучоци од новата наставна единица може да укаже на илустрациите кои тој заклучок ќе го поткрепат;

— Наставникот може да бара од учениците на поставеното прашање да добие одговор во илустративниот материјал кој на часот се искористувал;

— Доколу илустративниот материјал содржински бил разновиден и од исклучителна научна вредност, наставникот може врз основа на тоа на учениците да им даде домашна задача. Таа задача треба да биде од историско-литерарен карактер, т.е. размислување врз основа на илустративниот материјал, без консултирање други извори освен учебникот, со цел учениците да не се оптоваруваат со читање на дополнителна литература.

4. *На час по тематско повторување на градивото.* — Цел на тематското повторување на градивото е воопштување на фактичкиот материјал и извлекување суштински заклучоци од дадената наставна тема. Поради тоа на часовите по тематско повторување не треба да се користат сите илустрации што се користени при обработката на наставните единици од дадената тема, туку само најрепрезентативните кои визуелно ги поткрепуваат клучните содржини и заклучоци. Подготвувајќи го часот по тематско повторување на градивото, наставникот треба да одбере илустрации што ќе ги користи. Тие илустрации се

користат како и на часот кога е предавано новото градиво. Меѓутоа, на часот по тематското повторување учениците треба да покажат повеќе самостојност, бидејќи се работи за материјал кој веќе им е познат.

5. *На часови за завршно повторување на градивото.*

Задача на завршното повторување од историјата на стариот век е да се утврди:

— Дали учениците ги совладале клучните историски факти и ги разбрале основните појави и процеси врзани за робовладетелското општество;

— Дали наставата по историја ги остварила воспитните задачи што ги бара програмата;

Иако во наставната практика завршното повторување на градивото најчесто е вербално, сепак и овде може да се користи одбран илустративен материјал. Во користењето на илустративниот материјал на часовите по завршното повторување и утврдување на градивото треба да се држат критериумите што важат за тематско повторување. Треба да се користат само оние илустрации што се однесуваат на клучните процеси од најзначајните настани и историски личности предвидени со наставната програма.

Илустративниот материјал од историјата на стариот век може да се користи и надвор од часовите и тоа:

— Со предавањата, на семинари и реферати од историјата на стариот век, на состаноците на младите историчари;

— Во подготовките на учениците за училишни и одделенски екскурзии, доколку се посетуваат места и локалитети значајни за историјата на стариот век;

— На состаноците со групите за додатна, дополнителна и продолжена настава.

Користењето на овој материјал надвор од часовите иако има свои специфичности е подложено на методските критериуми наведени за користење на тој материјал на час.

На крајот може да се заклучи дека користењето на илустративниот материјал во наставата по историја многу придонесува за конкретно и попотполно формирање на историските поими олеснувајќи им на учениците да го разберат историскиот развој. Сепак користењето на илустративниот материјал на часовите по историја на стариот век мора да се користат:

— Изворни текстови, текстови од научно-популарни историски белетристички дела;

— Музејски експонати и културно историски споменици на локалитетите кои им се во близина на учениците.

Дури со сообразна поврзаност и изнаоѓање вистинска мерка илустративниот материјал може да ја олесни реализацијата на програмските задачи од историјата во првата година од нејзиното систематско изучување.

Превела од српски јазик: Марица СЕРАФИМОВА